# ПРАВИЛНИК ЗА РАБОТА

# НА ДИСЦИПЛИНСКА КОМИСИЈА

Согласно член 64 од Статутот на Пингпонгарската федерација ан С.Македонија, Извршниот одбор на својата 10-та седница на _______________ година донесе

## ПРАВИЛНИК

## ЗА РАБОТАТА НА ДИСЦИПЛИНСКАТА КОМИСИЈА

### I. ОДРЕДБИ

Член 1

Овој правилник ја пропишува дисциплинската и материјалната одговорност на членовите на Пингпонгарската федерација на С.Македонија-клубови,играчи,раководни лица (во натамошниот текст: ППФСМ), спроведување дисциплинска постапка и изрекување и извршување на дисциплински мерки.

Член 2

Дисциплински прекршок значи однесување и дејствија на членовите на ППФСМ предвидени со овој правилник , кои се во спротивност со позитивните законски одредби и Статутот на ППФМ.

Член 3

Дисциплинската комисија на ППФСМ спроведува дисциплинска постапка и воведува дисциплински мерки, и ги извршува конечните решенија за изречени дисциплински мерки.

Член 4

Конечната одлука за изречената дисциплинска мерка ги опфаќа сите членови на ППФСМ.

Член 5

Не е исклучена ниту кривична или прекршочна одговорност и одговорност за штета на трети лица,како и дисциплинска или материјална одговорност на членовите на ППФСМ во согласност со овој Правилник.

Член 6

Дисциплинската комисија на ППФСМ е должна да го примени овој Дисциплински правилник во својата работа,и на основа на овој Правилник да ги темели своите одлуки.

## II. ПРЕКРШОЦИ

Член 7

ЛЕСНИ ПРЕСТАПИ СЕ:

- несовесен однос кон пинг-понгарскате реквизити, опрема или предмети
- неоправдано одложување или неисполнување на роковите за извршување на должностите или извршувањето, освен ако не се случиле сериозни последици
- попречување на друго лице во вршењето на активностите во пинг-понгот
- Недолично однесување при вршењето на пинг-понгарските активности
- повреда на одредбите на Статутот на ППФСМ без штетни последици

Член 8

ТЕШКИ ПРЕСТАПИ СЕ:

- грубо кршење на законот, статутот и другите нормативни акти на ППФСМ, Правилникот за работа на репрезентацијата,и останатите законски и подзаконски акти поврзани со тоа.

- намерно неисполнување на одлуките на ППФСМ

- неплаќање на членарина за период подолг од шест месеци

- намерно оштетување на опремата и предметите

- сите форми на отуѓување на имотот на пинг-понг за прибавување на лична корист или предизвикување на штета

- злоупотреба на службената должност, доверба или овластување во ППФСМ

- фалсификување или лажно прикажување на резултатите на натпревари во записник,други натпреварувачки и членски документи,како и користење на недозволиви стимулативни средства(допинг),како и дрога и алкохол за време на натпреварите или на тренинг.

- предизвикување или учество во немири, тепачки и малтретирање за време на пингпонгарски активности

- Честа злоупотреба против други лица, дискриминација, физичко или психичко малтретирање,употреба на вулгарни и особено навредливи зборови при комуникација со членовите на ППФСМ,навредување на претпоставени и омаловажување кон нивните дела.

- Злоупотреба на овластување или позиција на лице кое не му припаѓа или не е одредено од ППФСМ

- повторено кршење на лесни престапи.

Член 9

Прекршокот застарува за  една година од денот на дознавање или денот кога е сторено делото.

Дисциплинска постапка не може да се поведе доколку е помината повеќе од една година,од денот на дознавање или денот кога е сторено делото.

## III. НАДЛЕЖНОСТ И ПОКРЕНУВАЊЕ НА ДИСЦИПЛИНСКА ПОСТАПКА

Член 10

Дисциплинската постапка се поведува со поднесување на барање до Дисциплинската комисија на ППФСМ.

Член 11

Барање за поведување дисциплинска постапка може да се достави до Дисциплинската комисија, од сите надлежни тела на ППФСМ, на своја иницијатива, или по предлог на членовите од истите тела на писмено.

Член 12

Кога дисциплинската комисија ќе прими пријава за поведување дисциплинска постапка против член на ППФСМ за направениот прекршок, комисијата ќе утврди дали:

- Предлогот за поведување дисциплинска постапка доставен од надлежното тело е на пропишан начин

-Пријавениот престап има карактеристики на прекршок и за тоа дали има докази

- Настапило застарување за покренување и водење дисциплинска постапка

-Постојат услови за суспендирање на сторителот и за колкав период.

Одлуката за суспендирање се доставува во писмена форма до сторителот. На одлуката може да се поднесе жалба до Управен Одбор на ППФМ, но жалбата не ја одложува суспензијата.

IV

Член 13

Дисциплинската постапка е итна и мора да се заврши во рок од 6 месеци од денот на поднесување на жалба.

Доколку дисциплинската постапка не заврши во предвидениот рок, истата ќе биде прекината.Ќе бидат утврдени причините поради кои не е

завршена дисциплинската постапка во пропишаниот рок ,ќе се идентификуваат и одговорните лица против кои ќе се преземе дисциплински мерки согласно овој правилник.

Член 14

По приемот на барањето за дисциплинска постапка, Дисциплинската комисија ќе  утврди дали има постоење на услови наведени во член 13,постоење на оправданост, комплетност и разбирливост на барањата.После утврдување на оправданоста,Дисциплинската комисија, најмалку 14 дена пред сослушувањето, ги известува подносителот,пријавениот за престапот,и евентуалните сведоци,и ги повикува на сослушување,како пријавениот би имал моќност да даде свој исказ,односно да подготви валидна одбрана.

Член 15

Расправата на Дисциплинскиот одбор може да биде јавна и може да се одржи во отсуство пријавениот за прекршокот, доколку отсуството е неоправдано.Пријавениот е должен да го пријави своето отсуство, не подоцна од три дена пред закажаното рочиште.

Дискусијата започнува со презентирање на поднесеното барање.(Известувач) Пријавениот, доколку е присутен,после презентирањето на барањето  може да ја коментира содржината и да ја изложи својата одбрана..Во текот на дискусијата раководи претседателот на Дисциплинската комисија или член на Комисијата што го заменува.Се води записник за дискусијата, потпишана од присутните членови на Дисциплинската комисија и записничар.

Член 16

По сослушувањето, Дисциплинската комисија, без присуство на пријавениот донесува одлука.

Жалба против решението на Дисциплинската комисија  може да се поднесе до Извршниот одбор на ППФСМ во рок од 15 дена, по доставувањето на решението.

Извршниот одбор е должен да ја реши жалбата и да донесе решение во рок од 30 дена од поднесувањето на жалбата.

Против Одлуката на ППФСМ,може да се поведе постапка ,во судовите во Република С. Македонија.

## V. ДИСЦИПЛИНСКИ МЕРКИ

Член 17

За сторени прекршоци, Дисциплинската комисија може да ги изрече следниве дисциплински мерки:

- опомена

- јавна опомена

- парична казна

- губење на правото на членство, односно забрана за тренирање и натпреварување за шест месеци со привремено одземање на членската картичка-суспензија.

- губење на правото на членство од најмалку две години, до доживотна суспензија за извршување на функции во пинг понгот

Член 18

Следниве дисциплински мерки може да бидат изречени од Дисциплинската комисија за сторени сериозни престапи:

- јавна опомена

- парична казна

- Губење на правото на членство, односно забрана за тренирање и натпреварување до една година со привремено одземање на членската картичка-суспензија

-Исклучување од членството во ППФСМ и трајно губење на сите права на членство, со трајно повлекување на членската картичка.

Член 19

Во однос на изборот на видот на дисциплинска мерка и висината на казната, Дисциплинскиот одбор ќе го земе предвид и под кои услови е сторено делото, мотивите на сторителот,морални и други особини и штетата предизвикана од стореното дело.Штетата која е нанесена на ППФСМ, на клуб, или трети страни ,сторителот на прекршот е должен штетата да ја надомести. Прекршителот во случај на груби повреди на правилата на пинг понгарската игра, го губи правото на учество на натпревари организирани од страна на ППФСМ додека трае дисциплинската постапка.

ЧЛЕН 20

При доделување на жолт картон на играч, екипата за која настапува играчот треба да плати 500 (петстотини) денари за секој добиен жолт картон,максимум до почетокот на наредното коло, во спротивно екипата нема право на настап.

При доделување на црвен картон екипата се казнува со 1.000,00 (илјада) денари кои исто така треба да бидат уплатени до почетокот на следното коло.

VI. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 21

Дисциплинската постапка на дела,пред влегувањето во сила на овој Правилник, ќе се важат во согласност со одредбите на овој Правилник

Член 22

ОвојПравилоник беше усвоен на ______________седница на Управниот Одбор на ППФСМ на _____________________ година и влегува во сила насила веднаш.